Емилија Потевска е пијанистка од Македонија која има широка концертна дејност во својата земја, како и надвор од неа. Магистерските студии по пијано ги завршува со највисок просек на Факултетот за Музичка Уметност во Скопје во класата на проф. Стела Слејанска. Во истата класа во моментов ги следи и докторските студии по пијано, а научно -истражувачката дејност на докторските студии ја работи под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски. Паралелно со студиите во Скопје, ги завршува ИГЦСЕ студиите на Универзитетот Кембриџ во Лондон и се здобива со акредитација за предавање на британската програма за музика. Во август 2011 е наградена од претседателот на Р. Македонија Ѓорге Иванов со сертификат за успешно завршување на напреден и интензивен тренинг за лидерство во Охрид и сертификат за лидер од областа на културата и уметноста.

Во текот на своето образование работи со врвни педагози од кои се издвојуваат Akiles Del Viw, Борис Романов, Vilijam Hauard, Arbo Valdma, Marco Albrizio, Rita Kinka, Наталија Косева итн. Ги завршува летните музички академии "Моцартеум" во Салцбург и "Дартингтон Академија" во Девон, Англија. Добитник е на бројни награди и признанија меѓу кои се издвојуваат: неколку први награди на републичко ниво, прва награда на Шопеновиот конкурс и натпреварот J.C. Бах во Скопје и втора награда на Интернационалниот музички натпревар "Интерфест" во Битола.

Потевска е и дел од клавирско дуо со кое настапува заедно со пијанистката Татјана Џорлева. Од заедничката соработка покрај бројните настапи се издовојува освоената прва награда и златен медал на интернационалниот натпревар во Барлета, Италија во катергорија за возрасни. Како заеднички успех се издвојува и Балканската турнеа во 2010 година за промоција на македонската современа музика и македонската култура со високо оценетите целовечерни концерти во Софија, Белград, Нови Сад,Шабац, Скопје, Охрид и Штип.
Емилија Потевска е доцент по пијано и камерна музика на ФМУ на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип. Менаџер е на интернационалниот фестивал за современа музика "Модоарс" и е професор на музичкиот оддел во интернационалните училишта Американско училиште Македонија и КСИ – Скопје.

**Татјана Џорлева** е родена во Штип, каде завршува основно и средно музичко образование. Додипломските и магистерските студии по пијано ги завршува во Скопје на Факултетот за музичка уметност во класата на проф.Стела Слејанска-Стојаноска. Во моментов е на докторски студии по пијано во истата класа, а научно истражувачката дејност на докторатот ја работи под менторство на проф.Димитрије Бужаровски.

Во нејзини професионални активности се вбројуваат многубројни учества на семинари и мастер класи во Македонија, Италија, Австрија, Франција, Србија, Хрватска, каде соработува со врвни уметници: проф.Aquilles Delle Vigne, Arbo Valdma, Marccela Crudeli, Natasha Veljkovic итн. Добитник е на бројни награди и признанија, неколку први награди на републичко ниво и втора награда на Интернационалниот музички натпревар "Интерфест" во Битола.

Покрај бројните настапи се издвојува освоената прва награда и златен медал во категорија за возрасни, на интернационалниот Музички фестивал "Култура и музика" Барлета-Италија. Како заеднички успех се издвојува и Балканската турнеа во 2010 година за промоција на македонската современа музика и македонската култура, со високо оценетите целовечерни концерти во Софија, Нови Сад, Белград, Шабац, Скопје, Штип и Охрид.

Како солист бележи бројни настапи низ Македонија, како и во странство: Црква Св. "Северин"- Париз (Франција), "Teatro Gurcci" Барлета- Италија, Рим-Италија, "Villa Medici" –Милано, "Orf Hol" – Салцбург (Австрија), повеќе концерти во рамките на фестивалите "Штипско лето", "Скопско лето", "Охридско лето", "musica viva", "Balcan classical music fest", "Modoars", "денови на македонската музика", "Шопенова вечер" по повод 200 години од раѓањето на Шопен. Како солист учествува на бројни концертни настани во организација на Францускиот културен центар, Британскиот совет, Културно информативниот центар итн. Член е на квартетот "Fonetiko" – две пијана и двајца перкусионисти, со кој постигнуваат голем успех на концертната сцена.

Татјана Џорлева е доцент по пијано, камерна музика и методика на пијано, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип.

# Програма на пијано дуото Татјана Џорлева / Емилија Потевска

## Програма за пијано - 4 раце

1. К. Дебиси – Мала суита

- En bateau
- Cortege
- Menuet
- Ballet

2.Ф. Пуланк – Соната за пијано – 4 раце

- Prelude
- Rustique
- Finale

3. М.Равел – Свита „Мојата мајка гуска"

I. Pavane de la belle au bois dormant
II. Petit Poucet
III. Laideronnette, impératrice des pagodes
IV. Les entretiens de la belle et de la bête
V. Le jardin féerique



4. J. ...ак – ... танци

- ...nto ... ragazza
- ... danza
- ...anzariana

5. Д.Темков - Токата